# ‚Што им е на тие луѓе што велат вака и вака? А јас клањам и спијам, постам и не постам, и се женам. Кој го остава мојот Сунет – не ми припаѓа мене.“

„Енес, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека неколкумина од другарите на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ги прашале неговите сопруги за неговите дела кога е сам. Откако дознале, некои од нив рекле: ‚Јас нема да се женам.‘ Друг рекол: ‚Јас нема да јадам месо.‘ А трет рекол: ‚Јас нема да спијам во постела.‘ Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го слушнал тоа, Го пофалил Алах и Му се заблагодарил Нему, па рекол: ‚Што им е на тие луѓе што велат вака и вака? А јас клањам и спијам, постам и не постам, и се женам. Кој го остава мојот Сунет – не ми припаѓа мене.“

[صحيح] [متفق عليه]

Неколкумина од асхабите, Аллах нека е задоволен со нив, дошле кај сопругите на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и ги прашале за неговите ибадети што ги извршувал тајно, во својот дом. Кога слушнале какви биле тие дела, им се сториле недоволни, па рекле: „Како да се споредуваме ние со Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем? Нему му се простени и претходните и идните гревови, а ние не знаеме дали ќе ни биде простено. Затоа треба уште повеќе да се трудиме во ибадетот, за можеби да ја заслужиме Аллаховата прошка.“ Еден од нив рекол: „Јас нема да се женам.“ Друг рекол: „Јас нема да јадам месо.“ А трет рекол: „Јас нема да спијам на постела.“ Кога оваа вест стигнала до Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, се налутил, се искачил на минберот и им се обратил на луѓето. Го пофалил Аллах, Му се заблагодарил, а потоа рекол: „Што им е на некои луѓе кои велат вака и вака?! – Се колнам во Аллах, јас сум најбогобојазливиот меѓу вас и најмногу се плашам од Аллах, но сепак спијам и се одморам, станувам за ноќен намаз, постам и прекинувам со постот, и се женам. А оној го напушта мојот Сунет, земајќи и сметајќи дека е посовршен некој друг пат – тој не е од мене.“

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee